# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**29.11.2019 год.** **Бр.XVI**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на акшише донесени на 41-ша седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 29.11.2019 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 41-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 29.11.2019 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-1333/1 од 29.11.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 41-та седница, одржана на 29.11.2019 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 40-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 15.11.2019 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-1319/3 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 4, член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Службен гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007,16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 29.11.2019 година, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за имплементација на проект за изработка на техничка документација за изградба на систем за гасификација на Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Крушево дава согласност предлог проектот ***за изработка на техничка документација за изградба на систем за гасификација на Крушево*** да биде аплициран кон *„Фондот за техничка документација„* во рамките на Проектот *„Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти,* ,финансиран од УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА) со масимален износ на грант од 30 000 американски долари.

**Член 2**

Предлог проектот ***за изработка на техничка документација за изградба на систем за гасификација на Крушево*** се однесува на изработка на Идеен проект, проект за инфраструктура и основен проект со ревизии.

**Член 3**

Доколку конечниот износ за изработка на техничка документација за изградба на систем за гасификација на Крушево го надминува максималниот износ на грантот, Општина Крушево се обврзува да обезбеди кофинансирање од сопствени извори на финансирање.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крушево“.

**Бр.08-1319/4 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 69, член 99 став 2 и член 100 став од Законот за заштита на деца (“Сл.весник на Р.М.” бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18, „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19 и 146/19), член 36 став 1 точка 4 и 15 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 33 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019) и Мислењето од Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија бр.11-6517/3 од 09.10.2019 година, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 29.11.2019 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за дополнување на одлуката за формирање на Центар за ран детски развој во состав на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево во н.м. Бучин***

**Член 1**

Со оваа Одлука се дополнува одлуката за формирање на Центар за ран детски развој со состав на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево во населено место Бучин бр.08-1176/10 од 25.10.2019 година.

**Член 2**

Во член 6 се додава нов став 2 кој гласи:

„шифрата на дејност е определена и е: 88.91-дејност на дневно социјална заштита на деца”.

**Член 3**

Во член 8 се додава нов став 2 кој гласи:

„за овластено лице се определува Мери Христоска од Крушево, директор на ЈОУДГ „Гонча Туфа” Крушево”.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1319/5 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007; 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 29.11.2019 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2018 година***

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1319/6 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007; 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 29.11.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2018 година***

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Крушево за 2018 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1319/7 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007; 16/14 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 29.11.2019 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на ОпштинаКрушево за 2018 година***

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1319/8 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.’’ бр.5/2002) и член 21 став1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево’’ бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 29.11.2019 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година***

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализацијата на Програмата за Урбанистичко планитање на Општина Крушево за 2018 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-1319/9 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) член 20б став 1 алинеја 3 и став 2 од истиот член од Законот за вработените во Јавниот сектор („Сл.весник на Р.М.” бр.27/14; 199/14; 27/16; 35/18; 198/18 и 143/19) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 29.11.2019 година, даде:

**С О Г Л А С Н О С Т**
**на измените и дополнувањата на Годишниот План за вработување за 2020 година на ОУ Дом на култура „Наум Наумовски-Борче” Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на измената и дополнувањето на Годишниот План за вработување за 2020 година на ОУ Дом на култура „Наум Наумовски-Борче” Крушево, бр.02-79/1 од 26.11.2019 година.

2. Оваа Согласност влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3.Примерок од Согласноста да се достави до ОУ Дом на култура „Наум Наумовски-Борче” Крушево и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-1319/10 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник“ на РМ“ бр.199/14, 44/15,193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево („Сл. гласник на Општина Крушево“ бр.1/07; 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 29.11.2019 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ**
**НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ**
**НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-51/9 од 11.01.2019 година, Измената и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање за 2019 година бр.08-244/11 од 18.02.2019 година, Измената и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање за 2019 година бр.08-341/13 од 15.03.2019 година и Измената и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање за 2019 година бр.08-583/14 од 27.05.2019 година, се вршат измени и дополнувања:

- во точка 5, после став 5.28 се дополнува нов став 5.29 и гласи:

**5.29. Проект за инфраструктура за изградба на општински пат од град Крушево до Манастир Св.Спас и Манастир Св.Василиј - КО Крушево вон г.р., Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.




- во точка 5, после став 5.29 се дополнува нов став 5.30 и гласи:

**5.30. Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба цевковод со резервоар за вода во с.Пресил, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



- во точка 5, после став 5.30 се дополнува нов став 5.31 и гласи:

**5.30. Проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба, патна инфраструктура под брана на Крушевско Езеро, Општина Крушево**

Границата на проектниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Проектот за инфраструктура е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.



2. Оваа измена и дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година бр.08-244/11 од 18.02.2019 година, Измената и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање за 2019 година бр.08-341/13 од 15.03.2019 година и Измената и дополнувањето на Програмата за урбанистичко планирање за 2019 година бр.08-583/14 од 27.05.2019 година.

**Бр.08-1319/11 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014 и 7/19) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-1325/1 од 28.11.2019 година од Илија Маркоски од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 29.11.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 20.000,00 (дваесет иљади)** денари по барање бр.08-1325/1 од 28.11.2019 година од Маркоски Илија од Крушево ул."Тодор Проески" бр.57 со ЕМБГ 0302958443001;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200003316039567, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-1319/12 од 29.11.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре. бр. страна
1. Заклучок за објавување на актите донесени на 41-та седница на Советот на Општина Крушево ……………………………………… 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 40-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………………… 1
3. Одлука за давање согласност за имплементација на проект за изработка на техничка документација за изградба на систем за гасификација на Крушево …….. 1
4. Одлука за дополнување на одлуката за формирање на Центар за ран детски развој во состав на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево …2
5. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Крушево за 2018 година …………………… 2
6. Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа во областа на располагањето со градежно земијште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Крушево за 2018 година …………. 2
7. Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Крушево за 2018 година …………. 3
8. Заклучок за усвојување на извештајот за реализација на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2018 година ……………………………………….. 3
9. Согласност на измените и дополнувањата на Годишниот План за вработување за 2020 година на ОУ Дом на култура "Наум Наумовски-Борче" Крушево …………….. 3
10. Програма за измена и дополнување на програмата за урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2019 година ………… 4
11. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Маркоски Илија од Крушево ……………………………………… 5

Редакциски одбор на Општина Крушево.